Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Согласно член 52 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), член 34 од привремениот Деловник на Државната изборна комисија и известувањето добиено од страна на Државниот завод за статистика бр. 17-2657/9 од 27.11.2016 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 28.11.2016 година донесе

# ОДЛУКА
## за заклучување на Избирачкиот список

1.По спроведените промени кои произлегоа од јавниот увид и спроведените промени кои произлегоа по одлучувањето по барањата на политичките партии, согласно член 49-а од Изборниот законик, согласно дописот од Државниот завод за статистика бр. 17-2657/9 од 27.11.2016 година, Државната изборна комисија го заклучува Избирачкиот список со следнава состојба:

- Вкупен број на гласачи запишани во Избирачлиот список - **1.784.416**

Од нив:

- Во изводите од Избирачкиот список за гласање во Република Македонија се запишани **1.531.368** гласачи,
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лицата кои согласно евиденцијата на надлежен орган се на привремена работа или престој во странство, а не поднеле пријава за гласање во Дипломатско-конзуларните претставништва или Конзуларни канцеларии, вклучувајќи ги и граѓаните за кои согласно член 196-а се смета дека се на привремена работа или престој во странство, а кои не поднеле пријава за гласање во Дипломатско-конзуларните претставништва или Конзуларни канцеларии, се запишани **230.122** гласачи,
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица кои за време на изборите се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор се запишани **2.015** гласачи,
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица кои согласно евиденцијата на Министерството за труд и социјална политика се водат како внатрешно раселени лица се запишани **13** гласачи,
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица кои поднеле пријава за гласање во Дипломатско-конзуларните претставништва или Конзуларни канцеларии на Република Македонија во странство се запишани **20.573** гласачи и
- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица членови и заменици членови на избирачки одбори кои ќе го спроведуваат гласањето во Дипломатско-конзуларните претставништва или Конзуларни канцеларии на Република Македонија во странство се запишани **325** гласачи.

2.Оваа одлука стапува во сола со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Државната изборна комисија.

Бр. 08-3433/1
28.11.2016 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Александар Чичаковски